# Предлог
# Проект за одржување на Семакедонски Дионови Игри Прилеп 2009

**ДО**
**- Министерство за Надворешни Работи на Р.Македонија**
**Сектор за Дијаспора – КТИ Проекти**
**Скопје**


**Подносител на проектот:**
Граѓанска иницијатива за Национално-културна и Европска интеграција на Македонскиот народ "НЕ-ИМА"-Прилеп

**Председател на здружението:** **Телефон/факс:048 430 965, 420851**
Борис темоски

**Адреса: Јоска Јорданоски бб**
**(градски базен)** **E-mail: mkedinstvo@hotmail.com**


**Краток опис на организацијата подносител на проектот и нејзината мисија:**

Граганската иницијатива почнува со работа во 2000 год во почетокот под името "Граганска иницијатив за национално,културно и духовно обединување на македонскиот народ".Целите на здружението се опишани во самото името.

Во ерата на глобализација и во обединета Европа, Македонскиот народ ја има шансата културно и духовно да се обедини.Граганската иницијатива работи да се искористат овие можности.

Преку организирање на манифесации,публикации, трибини и друг вид на делување до сега организацијата успешно ги остварува своите цели.

Повеке манифестации веке се традиционални, меѓу нив и Семакедонските Дионови Игри организирани во 2005 год. во Прилеп, видео клипот може да се види на линкот (пренеси го со copy-paste) http://www.youtube.com/watch?v=rc-F_DgBI44 како и семакедонското чествување на раѓањето на револуцоонерот „Гоце Делчев,,.

На овие собири традиционално учествуваат претставници од сите македонски организации од сите делови на Македонија како и од дијаспората. Интересот како и довербата растат од година во година а со тоа расте и нашата обврска за оправдување на таа доверба.

Еден од успешните реализирани проекти се и Семакедонските Дионови игри, за кој постои голем интерес и бројот на учесниците од година во година се зголемува.Можностите на организаторот се скромни и ограничени и интересот за 2009 година ги надминува можностите на организацијата. Продолжувањето на оваа традиција е од големо значење за Македонскотата духовна и културна самобитност.Во услови на обединета Европа ова преставува мост за културно и духовно обединување на Македонскиот Народ како и негово слободно културно и духовно делување

**Наслов на Предлог Проектот:**

## “СЕМАКЕДОНСКИ ДИОНОВИ ИГРИ”Прилеп 2009

**Опис на предлог проектот:**

Тредиционално веќе неколку пати досега се имаат одржано Семакедонски Дионови Игри во Прилеп под покровителство и во организација на граѓанската иницијатива за национално единство..Игрите се замислени со цел да се обнови традицијата кој ја вовел Македонскиот Крал ДИОН, кој во македонскиот град ДИОН организирал игри, уште пред одржувањето на Олимписките игри. Дионовите игри траеле 7 дена и се одржувале во повеќе спортски дисциплини,играње,пеење и беседи (театар).

Претходните игри кој беа организирани во Прилеп беа во помал обем поради ограничените можности (пред се финансиски) бидејќи оргзнизацијата финасираше дел сама а дел преку спознзорства. Првите сериозно организирани дионови игри беа одржани во 2005 со присуство на македонците и нивните заедници од Бугарија,Турција,Албанија и Македонија, (предходно се одржаа два, дводневни турнири мегу екипи од сите делови на Македонија и тоа 2003 и 2004 год.). Види видео клип, *отвори линк:*
*http://www*.youtube.com/watch?v=rc-F_DgBI44

Во 2007 се одржаа мини дионови игри, наречени Евро Регионални Школски Игри, помогнати од Локалната Самоуправа Прилеп и EAST WEST INSTITUTE од Охрид и тоа само со присуство на македонците од Грција,Албанија и Македонија

.Идеата на овие игри е да станат помасовни и да се прошират во повеќе градови низ Македонија но центарот на игрите да остане во Прилеп од следните причини:

1 Симболиката е што Прилеп е седиште на последниот Крал на Мекедонија Крали Марко- односно Прилеп е Кралски Град.
2 Охрид во лето е преполн со туристи и нема услови за одржување на вакви масовни игри
3 Прилеп како град се развива се повеќе и има услови за одржување на игрите и спортски и културно
4 Прилеп се наоѓа во централна Македонија и има брз и едноставен пристап до другите поголеми градови во Македонија
5 Прилеп заедно со околните градови има доволни и поефтини сместувачки капацитети.

Игрите традиционално се одржуваат во месец Август кога во Прилеп има идеални услови за ваков вид на настани.Како предлог период за одржување на игрите е предпоследната недела од Август.

Со одржувањето на вакви игри би се оживеало минатото кога сите македонци биле на едно место, би се возобновила една традиција, би се зачувало културното

наследство на сите македонци каде и да се, би се воздигнал духот на македонците, нивното чувство за самобитност и би се вратиле кон своите корени.

Со оглед на тоа дека глобализација и современите стремежи на Македонија како држава се во насока на Европската Унија каде границите не се ништо повеќе отколку административни, организирањето на вакви настани е идеална можност за духовно обединување на сите македонци преку дружење и спорт, воспоставување на нови соработки,меѓусебо спознавање а за многу учесници можеби и можност за прво доаѓање во родната земја.

Наредната година, пројавен е голем интерес од македонските заедници ширум светот и тоа од следните држави:

1.Македонија
2.Бугарија
3.Албанија
4.Грција
5.Турција
6.Србија
7.Хрватска
8.Романија
9.Европа (Германија)
10.САД
11.Канада
12.Австралија

Бројот на учесници од секоја држава е ограничен на по околу 50 што значи целиот настан ќе го посетат околу 600 учесници,во која бројка се вклучени и официјалните лица,водачи на делегација,тренери и други службени лица.

Предвидено е секоја делегација од секоја земја да земе учество во следните спортови:

1. Фудбал (голем) – 16 учесници
2. Атлетика – 7 учесници
3. Пливање – 5 учесници
4. Пинг-понг – 5 ученици
5. Играорна група – 15 учесници

Македонската делегација ќе брои повеќе членови поради организациониот одбор кој ќе биде составен најверојатно од 15-20 членови.

Граѓанска Иницијатива за
Национално-културна и Европска
Интеграција на Македонскиот народ
"НЕ -ИМА "-Прилеп

Претседател
Борис Темоски